


**Јован Ване Петров** Си беа еднаш едни јаки момци,јаки на збор,знаеја како и со народот и со раководството.Ја заноседнаа партијата чиниш од дедо прадедо во наследство им е оставена а една плаката немаат залепено,еден ќотек комуњарски во кампања немаат издржано. И застана народот,застанаа членовите и симпатизерите позади нив,работеа,убедуваа,молеа па дури за нив и своите комшии ги подлажнуваа. Бидна што бидна ги запоседнаа фотељите градоначалнички,министерски,директорски а богами и пратеничките. Лагоден живот,удобности до бескрај.

Поминуваше времето,изминуваа годините а тие незаменливи се почуствуваа,после нив потоп. Дојде и тој ден,денот кога оние кои во фотељи ги ставија од нив и да ги истаат,многу сработија но многу и лажеа а и за себе со големата црпалка почнаа да црпат.

Им отворија предмети по судовоте,ги влечеа, ги уценуваа а тие сигурно виновни си подвиткаа опашките и ќутеа.

Дојде конгресот ВАЛАНДОВСКИ,доје и пројде а на него истите тие на Христијан му ракоплескаа и за нов претседател го избраа чунки ДЕЛЕГАТИ беа.

Сега се настрвија,се засилија(не затоа што сакаат,така мораат)во изборна година,година поважна од сите години за Македонија,раздор,фракции и што уште не да предизвикуваат.

Најново е што најавуваат вонреден конгрес под превезот дека имаат собрано 2/3 или 1/2 потписи од делегатите.

Од делегатите!!!

Мислев дека имаат два грама ум ама очигледно лошо сум мислел,од кои делегати?од кого делегирани?од кого верификувани???

Делегат,личност која од некого,од некое тело е делегирана за да присуствува на одреден настан и толку.Немаат мандат,немаат времетраење.

Да појаснам пластично...ФФМ за еден првенствен натпревар делегира делегат кој оди на истиот и по завршување завршува и неговото делегирање.Ама овие по нивна логика во фудбалски жаргон би требало да се делегати и на следниот натпревар по четири години помеѓу двете екипи на кои веќе еднаш биле делегати.!

Да не беше тажно ќе беше смешно!!!

Уште еднаш,вниманието и енергијата наместо кон реалната цел сдс ја насочуваат кас нас,кон самите себе.

Ниту конгрес на 28 Март ќе има ниту нешто друго ќе успеат.Покајанието е христијански обичај,покајте се и издржете го притисокот кој од душманот Заев го имате,а за криминалите ако сте ги правеле ќе си одговарате,да си знаете.

И да,слушам настанот за во Сабота сте го откажале! Е оти така бе???